ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес

www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

**КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ**

Основни норми и начела

1. Почитување на интегритетот и достоинството на личноста на учениците, наставниците, родителите и другите вработени во училиштето;
2. Еднаквост и праведност, при што би се исклучила секаква дискриминација, злоупотреба или искористување;
3. Професионално однесување - одговорно, совесно, професионално и етички беспрекорно да ги исполнуваат сите свои обврски и со своето однесување да ги следат принципите на објективност, љубезност и толеранција;
4. Доживотно учење и професионален развој, како и тимско работење;
5. Флексибилност – да се прифати дека барањата можат да се променат неколку пати во текот на професионалната кариера и да не се интерпретира професионалноста како изговор за отпор кон промените;
6. Отвореност за соработка со родителите, институции, училишта и сл.;

Наставникот, односно стручниот соработник извршувајќи ја својата работа е должен:

1. Да ги почитува законските одредби, правилниците и одлуките во училиштето;
2. Навреме и квалитетно да ги извршува работните задачи предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работењето на училиштето;
3. Професионално да се усовршува преку посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
4. Да служи за пример со својот изглед и своето однесување;
5. Да не се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
6. Да се да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот и училницата во кои држи настава

Наставникот извршувајќи ја својата работа треба:

1. Да го почитува работното време
2. Редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици;
3. За време на наставниот час, како и на стручните состаноци да не користи мобилен телефон или други средства со кои може да пречи во работата;
4. Да води педагошка документација и евиденција;

5. Активно да учествува во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи на училиштето
6. Да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
7. Редовно да присуствува во работата на класниот и наставничкиот совет во училиштето;

Наставникот, односно стручниот соработник кон ученикот треба да применува постапки кои се во духот на современите педагошки норми и тоа:

1. Да ја почитува личноста на секој ученик;
2. Да бара ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
3. Да бара од ученикот пристојно и дисциплинирано однесување во училиштето и надвор од него и на секој вид на девијантно однесување да реагира со укажување;
4. Да се грижи за остварување на правата, обврските и одговорностите на учениците;
5. Да не ги навредува и омаловажува учениците.

Во насока на ефикасно воспитно-образовно формирање на личноста на ученикот и во интерес на професијата и училиштето, наставникот, односно стручниот соработник е должен

1. Да се грижи и да допринесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите колеги
2. Наставникот е должен да биде активен и да ги почитува одлуките од стручните органи во училиштето;
3. Да остварува соработка и да го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемот на ученикот;
4. Навремено и објективно да ги информира родителите за постигањата, активностите, однесувањето и проблемите на неговото дете;

Завршни одредби

1. Секој наставник и стручен соработник се обврзува да го почитува и спроведува Кодексот на однесување на наставниците и стручните соработници.
2. За непочитување на овој Кодекс, директорот може да преземе дисциплински мерки согласно Законот за основно образование, Законот за јавните службеници, Законот за работни односи и сл.